ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др. ДОО
Друштво за градежништво, промет и услуги
Борис Трајковски бр. 111, Скопје, Северна Македонија
Тел./факс: + 389 (0)2 3109 795, 3246 281
geing@geing.com.mk I www.geing.com.mk

БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА Б-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

ЗА БЕТОНСКА БАЗА НА

“КОНКРИТ СОЛУШНС“ ДООЕЛ Битола

(К.О. Породин), Општина Битола

Скопје, 2020

Ознака „ИСКЗ“

ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др. ДОО
Друштво за градежништво, промет и услуги
Борис Трајковски бр. 111, Скопје, Северна Македонија
Тел./факс: + 389 (0)2 3109 795, 3246 281
geing@geing.com.mk I www.geing.com.mk

НАЗИВ НА ГРАДБА/ОБЈЕКТ:	**ОБЈЕКТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА БЕТОНСКИ ПРЕДНАПРЕГНАТИ ЕЛЕМЕНТИ – БЕТОНСКА БАЗА, (К.О. ПОРОДИН) ОПШТИНА БИТОЛА**
НАЗИВ НА ДОКУМЕНТ:	**БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА Б-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА ЗА БЕТОНСКА БАЗА НА "КОНКРИТ СОЛУШНС" ДООЕЛ БИТОЛА (К.О. ПОРОДИН), ОПШТИНА БИТОЛА**
ИНЖЕНЕРСКА ОБЛАСТ / КАТЕГОРИЈА:	**ИНТЕГРИРАНО СПРЕЧУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ЗАГАДУВАЊЕТО (ИСКЗ)**
ВИД НА ДОКУМЕНТ:	**БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА Б-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА**
ИНВЕСТИТОР:	**КОНКРИТ СОЛУШНС ДООЕЛ узов-извоз с. Жабени Битола** Ул. "А" бр. 1, Индустриска зона "Жабени" 7000 Битола Република Северна Македонија
ИЗРАБОТУВАЧ:	***д-р Александар Павлов,*** *дипл.инж.зашт.жив.сред.* ***м-р Олгица Мицевска,*** *дипл.инж.по биологија* ***д-р Весна Мароска,*** *дипл.зем.инж.* ***м-р Златко Цветковски****, дипл.маш.инж.* ДГПУ ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др. ДОО Скопје ул. "Борис Трајковски" бр. 111, 1050 Скопје
ТЕХНИЧКИ БРОЈ:	**ИСКЗ_080_06/19**
МЕСТО И ДАТА:	**Скопје, 2020**

Директор на Сектор Проектирање, **Управител,**

м-р Златко Цветковски, ***дипл.маш.инж.*** **д-р Драган Димитриевски**

ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др. ДОО
Друштво за градежништво, промет и услуги
Борис Трајковски бр. 111, Скопје, Северна Македонија
Тел./факс: + 389 (0)2 3109 795, 3246 281
geing@geing.com.mk I www.geing.com.mk

Друштвото за градежништво, промет и услуги ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др. ДОО Скопје, со седиште на ул. Борис Трајковски бр.111, Скопје, преку управителот Драган Димитриевски, го донесува следното:

РЕШЕНИЕ

за назначување на кадар

при изработката на:

БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА Б-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

за бетонска база на "КОНКРИТ СОЛУШНС" ДООЕЛ Битола

(К.О. Породин), Општина Битола

Следниов кадар се назначува за изработка на предметната документација:

- ***д-р Александар Павлов,*** *дипл.инж.зашт.жив.сред.*
- ***м-р Олгица Мицевска,*** *дипл.инж.по биологија*
- ***д-р Весна Мароска,*** *дипл.зем.инж.*
- ***м-р Златко Цветковски****, дипл.маш.инж.*

Управител,

д-р Драган Димитриевски

СОДРЖИНА:

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ 4

1.1 Вид на барањето 4
1.2 Орган надлежен за издавање на Б – Интегрирана еколошка дозвола 5

2. ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ 6

2.1 Опис на инсталацијата и локацијата на која се наоѓа 6
2.2 Технологија на производство 11

3. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА 19

4. СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА 20

4.1 Суровини и помошни материјали 22
4.2 Енергија и енергенси 28

5. ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД 29

6. ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА 34

7. ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА 38

7.1 Емисии во површински води 38
7.2 Емисии во канализациони системи 41

8. ЕМИСИИ ВО ПОЧВА 42

9. ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ 44

10. БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ 45

10.1 Бучава 45
10.2 Вибрации 47
10.3 Нејонизирачко зрачење 47

11. ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ 48

12. ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ 50

13. СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИИ 53

14. РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ 55

15. РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ 59

16. ИЗЈАВА 64

17. ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ И КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 65

18. СПИСОК НА ПРИЛОЗИ 67

Врз основа на Договорот (понуда со бр. 03-832/1 од 21.05.2019 год.) помеѓу Друштвото за производство и трговија "КОНКРИТ СОЛУШНС" ДООЕЛ (со адреса на ул. "А" бр. 1, Индустриска зона Жабени, 7000 Битола) како Инвеститор и Друштвото за градежништво, промет и услуги "ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др." ДОО (со адреса на ул."Борис Трајковски" бр. 111, 1000 Скопје) како Извршител на работите договорено е Извршителот да изработи барање за Б-интегрирана еколошка дозвола за инсталација за производство на производи од бетон за градежни цели (бетонска база). Ова барање ќе му послужи на Инвеститорот за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола како дел од потребната документација за добивање на дозвола за започнување со дејноста.

Условите за издавање на Б-интегрирана дозвола, за нови инсталации кои со својата дејност предизвикуваат емисии во медиумите на животната средина, се дефинирани во Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16 и 99/18). Според Член 122 од законот Операторите на нови инсталации со емисии штетни за животната средина и животот и здравјето на луѓето (кои не припаѓаат на групата на инсталации за кои е потребна А-интегрирана еколошка дозвола) се должни да обезбедат Б-интегрирана еколошка дозвола. Постапката за издавање, измена, целосен или делумен пренос на Б-интегрираната еколошка дозвола ја пропишува Министерот за животна средина и просторно планирање.

Активностите на инсталациите за кои се издава А или Б интегрирана еколошка дозвола се дефинирани во Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план ("Сл. Весник на Р Македонија" бр. 89/05). Според оваа Уредба дејноста на предметната инсталација припаѓа кон дејностите од **Прилог 2** точка **3.3 Стационарни бетонски бази со вкупен капацитет на силосите за бетон поголем од 50 m^3**.

Орган надлежен за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола претставува градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје (Член 123 од Закон за животна средина). Бидејќи предметната инсталација се наоѓа на територијата на Општина Битола и не припаѓа во подрачје заштитено со закон, орган надлежен за издавање на дозволата е **градоначалникот на Општина Битола**.

Ова барање за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола за бетонската база на "Конкрит Солушнс" ДООЕЛ е изработено согласно Образецот за барање на Б-интегрирана еколошка дозвола објавен на веб страната на Министерство за животна средина и просторно планирање (www.moepp.gov.mk), потоа Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16 и 99/18) и Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на

барање за дозвола за усогласување со оперативен план ("Сл. Весник на Р Македонија" бр. 89/05).

Генерално гледано објектот претставува магацински простор за цемент и фракции на песок кои не претставуваат опасни материи од хемиски и од бактериолошки аспект, а исто така не горат и не го поддржуваат горењето.

Процесот на добивање на бетонот се одвива автоматски преку команден дел со кој управува операторот на постројката на бетон. Силосот со цемент е поврзан со бетономешалката во која се додава сува маса цемент по рецептура во зависност од марката на бетон. Со помош на скрепер се турка материјалот, односно потребната количина од секој тип на фракција до транспортерите за секоја фракција (или во челична корпа), а транспортерите го носат материјалот во сува состојба во бетономешалката. Операторот на постројката за бетон од кабината автоматски додава вода за потребната количина на цемент и агрегат. Кога ќе се добие потребната смеса од цемент, агрегат и вода се врши полнење на калапите. Од бетонската мешалка има отвор преку кој се врши полнење на калапите со готов бетон.

Кога ќе биде спремен бетонот, се полни машината во калапите и се мазни од горната страна со цел да се отстрани вишокот на бетон. Со користење на вибрации бетонот рамномерно се распоредува во калапите. Откако ќе се заврши процесот на полнење на машините, се вклучува котелот и се загреваат цевките со пареа што се наоѓаат под машината. Парното е вклучено 6 до 8 часа со цел следниот ден столбовите да бидат суви и машината да биде спремна за празнење.

Целта на барањето за Б-интегрирана еколошка дозвола е да се утврдат потенцијалните негативни влијанија од активноста на предметната инсталација, односно производството на производи од бетон за градежни цели, врз медиумите и областите во животната средина и да се предложат мерки за нивно намалување и/или ублажување, како и примена на најдобрите достапни техники за овој вид на дејност, а со насока кон кон унапредување на животната средина.

Заштитата и унапредувањето на животната средина претставува систем од мерки и активности (општествени, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува создавање на услови и заштита од загадување, деградација и влијание врз медиумите и одделните области на животната средина.

1. Општи информации

Име на компанијата[1]	КОНКРИТ СОЛУШНС Д.О.О.Е.Л. увоз-извоз с. Жабени, Битола
Правен статус	Д.О.О.Е.Л.
Сопственост на компанијата	Приватна сопственост
Сопственост на земјиштето	
Адреса на локацијата (и поштенска адреса доколку е различна од погоре споменатата)	Ул. "А" бр. 1, Индустриска зона "Жабени", 7000 Битола
Број на вработени	6
Овластен претставник	Димитра Тахматзиду, Управител – Административен менаџер
Категорија на индустриски активности кои се предмет на барањето[2]	3.3 Стационарни бетонски бази со вкупен капацитет на силосите за бетон поголеми од 50 m^3
Проектиран капацитет	1400 парчиња/месечно

1.1 Вид на барањето[3]

Нова инсталација	✓
Постоечка инсталација	/
Значителна измена на постоечка инсталација	/
Престанок со работа	/

[1] Како што е регистрирано во судот, важечка на денот на апликацијата.
[2] Да се внесат шифрите на активностите во инсталацијата според Анекс 1 од ИСКЗ уредбата (Сл. Весник бр. 89/05 од 21 Октомври 2005). Доколку инсталацијата вклучува повеќе активности кои се предмет на ИСКЗ, треба да се означи шифрата за секоја активност. Шифрите треба да бидат јасно одделени една од друга.
[3] Ова барање не се однесува на трансфер на дозволата во случај на продажба на инсталацијата.

1.2 Орган надлежен за издавање на Б – Интегрирана еколошка дозвола

Име на единицата на локална самоуправа	Општина Битола
Адреса	Бул. "1-ви Мај" бр. 61; 7000 Битола
Телефон	+389 47 208-442

2. Опис на техничките активности

2.1 Опис на инсталацијата и локацијата на која се наоѓа

Локацијата на предметната инсталација се наоѓа на КП 90/13 К.О. Породин, во Општина Битола. Парцелата е лоцирана во Индустриска Зона "Жабени" во Битола, со ориентација северо-запад со југо-исток. Во прилог бр. 3 приложен е имотниот лист на бетонската база.

Градежната парцела на која се предвидува да се изгради објектот претставува дел од комплексот на објекти од областа на лесна индустрија. Градежната линија е утврдена со параметри дадени во урбанистичките услови.

Површината за градба планирана со Архитектонско-Урбанистичкиот Проект (изработен од: "ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ" Трајче ДООЕЛ – техн. бр. 3028/2014) има ортогонална форма.

Планската документација (Архитектонско-урбанистички проект) е изработена на основа на ДУП – Измени и дополнувања на урбанистички план вон населено место "Јужна индустриска зона – Жабени" – Општина Битола, со одлука бр. 07-2177/33 од 28.09.2011 год.

Намената на градбата на парцелата е:

- Г – Производство, дистрибуција и сервиси.

Класи на намена на градежната парцела се следните:

- Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија;
- Г3 – Сервиси;
- Г4 – Стоваришта.

Биланските показатели на **планираната** градба кои се однесуваат на градежната парцела се:

- Класи на намена.....Г2, Г3, Г4;
- Површина на градежна парцела.....10420 m^2;
- Површина за градење.....5251 m^2;
- Максимален број на нивои.....П+2;
- Бруто развиена површина.....15753 m^2;
- Процент на изграденост.....51%;
- Коефициент на искористеност.....1.51
- Потребен број на паркинг места.....40

Пристапот до локација е предвиден преку улица "Новопроектирана 3", со паркинг од северната страна на ГП бр. 85, според АУП. Пешачки пристап има преку тротоарот на истата улица, како и преку улиците "Новопроектирана 7" и "Новопроектирана 14" на

источната и јужната страна од парцелата. Сообраќајното движење во рамките на Градежната парцела е превидено со интерни сообракајници со коловоз од 7m и тротоари, преку кои се пристапува до предвидените паркинг места и до објектите. Според АУП предвидени се дополнителни паркинг места за 15 возила за погонот за производство на бетонски елементи (на северната страна на парцелата) како и за 25 возила за постројката за бетонски преднапрегнати елементи.

Теренот има правилна конфигурација, речиси без пад < 0.5% од запад кон исток. Неговата носивост не се доведува во прашање, бидејќи во непосредна близина на локацијата веќе постојат поголеми градежни објекти, кај кои не можат да се забележат негативни последици на тлото.

Локацијата на Инсталацијата за производство на бетонски преднапрегнати елементи на "КОНКРИТ СОЛУШНС" ДООЕЛ увоз-извоз Битола се наоѓа во опфатот на Индустриската зона "Жабени" јужно од градот Битола, на растојание од околу 10 km југо-источно. Најблиските населени места до предметната Инсталација се селата Меџитлија (на растојание од околу 1.7 km, јужно) и Жабени (на растојание од околу 2.5 km, северо-западно). Локацијата на која се наоѓа инсталацијата претставува рамничарски терен, со надморска висина од околу 600 m. На северната страна на предметната Инсталација се наоѓа еден многу поголем индустриски објект, додека од сите останати страни на инсталацијата се наоѓа земјоделска површина. Земјоделската површина е претставена со безредно распоредени, најчесто правоаголни и со различна големина земјоделски парцели. Некои од земјоделските парцели се со неправилна форма, ограничени со некој патен правец или канализиран водотек. Предметната Инсталација се наоѓа во јужниот дел на котлината Пелагонија.

Северно од предметната Инсталација се наоѓа рибникот "Жабени" во сопственост на ЗК "Пелагонија" А.Д. Битола. Рибникот има површина од 172 ha, а се користи главно како репродуктивен центар за подмладок на видови на риба кои можат да се конзумираат. Рибникот се порибува и со увезен подмладок на крап, амур, тостолобик и сом. Капацитетот на рибникот изнесува 800-1100 kg/ha.

Во непосредна близина на предметната Инсталација не се наоѓаат постојани водотеци. Некои од постоечките канализирани водотеци се користат за потребите на иригација на земјоделските површини. Топографските и геоморфолошки карактеристики на локацијата се релативно едноставни, без возвишенија и без специфични геоморфолошки форми. На подалечната западна страна од предметната Инсталација се наоѓа планинскиот масив Баба (Пелистер, 2601 m).

Во непосредна близина на предметната Инсталација се наоѓа државниот пат А3 кој го поврзува градот Битола со граничниот премин "Меџитллија" на границата со Р. Грција. Граничниот премин "Меџитлија" се наоѓа на растојание од околу 2.4 km јужно од инсталацијата. Овој државен пат претставува и инфраструктурна врска на предметната инсталација со градот Битола. Дополнително, во близина на инсталацијата се наоѓа и регионалниот патен правец Р2338.

Макро и микролокацијата на предметната Инсталација се прикажани на следните слики.

Слика 1. Макролокација на предметната Инсталација (извор: Google Earth).

Слика 2. Микролокација на предметната Инсталација (извор: Google Earth).

Инсталации

Снабдување со вода се врши од локалната водоводна мрежа. Водоснабдувањето на индустрискиот комплекс се изврши со приклучок на планираната водоводна линија, по индустриската улица "Новопредвидена 1", од северната страна. Потребната количина на санитарна вода е определена во согласност со бројот и видот на изливните места.

За противпожарна заштита предвидена е работа на два надворешни хидранти (Ф80mm) со проток од 5.0 l/s или истовремена работа на четири ѕидни пожарни хидранти со проток од 2x2.5=5 l/s.

Уличниот приклучок е изведен со овален затварач со вградбена гарнитура, а доводот на вода од уличен приклучок до водомерната шахта е со полиртиленски водоводни цевки ПЕ100/PN10. Во дворната површина лоцирана е водомерната шахта, во која ќе биде поставен комбиниран контролен водомер Ф80/20.

Фекалните отпадни води се прифаќаат, одведуваат и испуштаат во планираната фекална канализација на новопроектираната улица од источната страна. Фекалната отпадна вода е определена во согласност со бројот и видот на санитарните уреди.

Фекалните отпадни води од Јужната индустриска зона "Жабени" се одведуваат во Пречистителна станица, која се наоѓа во крајниот источен дел од индустриската зона, на оддалеченост од околу 600 m од предметната градежна парцела.

Атмосферските води од кровната и дворната површина се прифаќаат со систем на каналска мрежа (цевки, шахти, решетки и сливници) и по гравитационен пат се одведуваат и испуштаат во планираната атмосферска канализација, на улица од северната страна. Каналот за атмосферска канализација е изведен со пластични или полиетиленски коругирани цевки, со дијаметар Ф200-Ф300 mm.

Од вкупната површина на парцелата од 10420 m^2, на површината за градба припаѓа 5251 m^2, а на површината од партерното уредување 5171 m^2. Вкупната количина на атмосферска вода, која ќе биде зафатена ќе изнесува 138,04 l/ha.

Отпадната вода од инсталацијата која ќе содржи примеси од бетон и мил ќе се прочистува низ таложник. За чистење на платото каде што се произведуваат преднапрегнатите бетонски елементи предвидени се посебни сливници и одводни PVC цевки. Предвидено е оваа отпадна вода да се собира во собирни шахти (изведени како таложници), а од тамо целата количина на вода да се собира во еден голем централен таложник. Централниот таложник ќе биде изведен како каскаден така што процесот на таложење ќе се одвива во подолг временски период.

Водата од таложникот повторно ќе се користи во производниот процес или за чистење и одржување на платото во Погонот или Постројката.

Материјалот кој ќе се таложи во собирните шахти и централниот таложникот мора редовно да се отстранува со цел таложниците во секое време да бидат спремни да примат

голема количина на вода за таложење. Со отстранетиот материјал од таложниците треба да се постапува на следниот начин:

- доколку е можно повторно да се користи во производниот процес;
- да се предаде на Овластена компанија за постапување со таков вид на отпад; или
- да се предаде на Општина Битола со цел користење во некои градежни активности (доколку е можно).

Хидротехничките објекти на предметната Инсталација се прикажани во графичките Прилози бр. 16–19.

Електричната инсталација е изведена во согласност со постоечките прописи и нормативи за ваков вид на работа и техничка документација, односно преку постојната електрична мрежа во договор со ЕВН-Македонија.

Вкупна едновремена моќност на опфатот изнесува 145,5 кW. Потрошувачката на електрична енергија поголем дел е намената за комплексот, а мал дел за надворешно улично осветлување. Во непосредна близина на опфатот има предвидено изградба на трафостаница ТС 10/04 KV 2x1000 kVA.

Електротехничките инсталации во Погонот за производство на бетонски елементи се прикажани на графичките Прилози бр. 20 - 25.

За греење на инсталацијата предвидено е сопствено централно топловодно греење. Како гориво се користи мазут. Просечната месечна потрошувачка на мазут изнесува приближно 400 l (~ 4800 l/year). Котелот е сместен во посебна просторија на јужната страна на Погонот. Грејните тела и цевниот развод се прилагодени на намената на просториите и нивната поставеност.

Противпожарна заштита на парцелата

Според АУП сообраќајниот систем на парцелата се состои од улици кои овозможуваат лесен пристап на противпожарните возила до објектите. При дефинирање на сообраќајниот концептот на парцелата особено внимание е посветено на слободното, брзо и непречено движење на противпожарните возила. Рабниците на пристапниот пат се закосени со цел да се овозможи лесен пристап на овие возила до објектите.

Сите сообраќајници во рамки на парцелата и пристапи до истата се испланирани со цел да овозможуваат брз и непречен приод на противпожарните возила. Сообраќајниците и пристапите имаат доволна ширина овозможувајќи лесна подготовка, а потоа и дејство на потребната опрема за борба против пожарот и за спасување на луѓето.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превенција и заштита во случај на пожар. Во непосредна близина на градежната парцела според АУП предвиден е и надворешен противпожарен хидрант Ф80mm кој е поврзан на посебна хидрантска мрежа. Минималниот притисокот во хидрантската мрежа е 2.5 bar.

Локацијата на надворешните хидранти и правецот на движење на противпожарното возило се прикажани во Прилог бр. 26. Правците на евакуација од Погонот за производство на бетонски елементи се прикажани во Прилог бр. 25.

2.2 Технологија на производство

Функционална поставеност

Според функционалната поставеност инсталацијата за бетонски преднапрегнати елементи претставува една целина со функционална содржина, а се состои од: **Погон за производство на бетонски елементи** и **Постројка за бетонски преднапрегнати елементи**.

Согласно законската регулатива сите површини се поврзани на ниво на партер, на едно ниво и се пристапни за сите корисници вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби.

Концепт

Објектот на предметната инсталација е конципиран како постројка за бетонски преднапрегнати елементи. Влезот е од северо-западната страна на парцелата.

Во рамки на опфатот на инсталацијата просторот е поделен на:

- дел за поставување на силосите за складирање на прашкастиот цемент;
- дел за мешање на цементот, песок-фракциите и водата како и истурање на свежиот бетон во камионите за транспорт на бетон;
- дел за контејнерите за складирање на песокливиот материјал и тоа по фракции;
- дел за транспортна лента за транспорт на песокливиот материјал од боксовите до мешалката.

Инсталацијата се состои од:

- **Погон** за производство на бетонски елементи и
- **Постројка** за бетонски преднапрегнати елементи.

Графичките цртежи од ситуационото решение за елементите на инсталацијата се дадени во прилозите на крајот од текстот. Во графичкиот дел прикажани се и инфраструктурните објекти кои ги користи предметната инсталација, како и евакуационата шема во случај на хаварија и пристапните патишта за противпожарни возила.

Концептот на предметната Инсталација и распоредот на објектите е прикажан на графичките Прилози бр. 8 и 9.

Погон за производство на бетонски елементи

Согласно производниот процес во погонот има простор за две машини (машина 1 и машина 2) за производство на преднапрегнати бетонски столбови (со различни димензии). Машините се сместени на западната страна од објектот. Влезот во објектот е од исток. Исто така во внатрешниот простор со панели е преградена една канцеларија и мал тоалет.

Спротивно на канцеларијата преграден е уште еден тоалет кој ќе го користат работниците во погонот. Со тоа погонот добива вкупно нето квадратура од 356.9 m^2.

Конструктивниот систем претставува челична конструкција, вообичаена за ваков тип на објекти. Кровната конструкција произлегува од формата на објектот. Покривањето на објектот е со сендвич панел врз челичната конструкција. Во однос на постоечката материјализација на просторот не се прави никаква интервенција, односно не се прави промена на постоечките завршни обработки. Подната плоча е изведена со МБ30 и д=20cm и завршен слој, додека фасадата е решена со хоризонтални фасадни панели. Состојбата на постојните материјали е на задоволително ниво.

Слика 3. Северната страна и ентериерот на Погонот.

Постројка за бетонски преднапрегнати елементи

Конструкција

Објектот претставува армирано-бетонски рамковен систем, од армирано-бетонски столбови и греди. Димензиите на столбовите во делот 2 каде треба да се постават силосите се 75/75cm, додека во делот 3 каде треба да се постават боксовите за складирање на фракциите се со димензии 40/40cm.

Конструктивната висина изнесува 4.50 m, во делот кај силосите. Додека кај делот од песокливиот материјал столбовите се 1.00 m.

Темели

Темелењето е со темелна плоча со дебелина д=80cm. Останатите слоеви под темелите се:

- мршав бетон за израмнување д=10cm,
- набиен чакал д=40cm,
- дробен камен д=40cm и
- набиено тло.

Околу објектот за подобрување на носивоста на теренот (во согласност со геолошките карактеристики) ископот е на длабочина од 80 до 90 cm. Исто така се врши замена на локалниот материјал со дробеник и чакал. По бетонирањето на темелните плочи се врши насипување со камен дробеник околу истите со висина од 80 cm. Со тоа сите објекти во парцелата се поставени на исто ниво во однос на проектираните коти за партерното уредување, а во согласност со Архитектонско-урбанистичкиот проект.

Соодветно громобранско заземјување на објектот ќе биде поставено под темелите.





Слика 4. Изглед на Постројката за производство на бетон.

Технологија на изработка на бетон

Цементот претставува хидраулично врзивно средство односно материјал кој има својство кога е помешан со вода да се врзува и зацврстува, како во воздухот така и во водата.

Вообичаено се користи Портланд-Цемент, т.е. материјал кој се добива од природниот лапор или се прави вештачка смеса на варовник и глина во одредени пропорции кои после потполно мешање се жарат до почеток на синтеровање, а потоа се ситнат и фино се мелат. Лапорецот е со бела боја, без мирис и со слабо кисел вкус, околу два пати потежок од водата, не е запалив, не гори и не е токсичен. Микро честичките на цементот може да бидат присутни во атмосферата во концентрација околу 0.03 % волуменски. Поголеми концентрации можат да бидат многу опасни како резултат на смалената концентрација на кислородот во атмосферата и нивната моќ на врзување после спојувањето со вода.

Песокот претставува природен материјал, кој во процесот на производство се добива како суровина, измиен и сепариран во гранулат. Со тоа има сосема мала концентрација на лесна прашина и не претставува извор на загадување на воздухот. Песокот како суровина се добива од локалните каменоломи, а за истиот ќе има комплетна документација, како фактура за купопродажбата, потврда за квалитет и извештај за квалитет од испитувањето.

Во Постројката за бетонски преднапрегнати елементи постојат следните делови:

- дел за силосот за складирање на прашкастиот цемент (1),
- дел за мешање на цементот, песок-фракциите и водата и истурање на свежиот бетон во камионите за транспорт на бетон,
- дел за контејнерите за складирање на песокливиот материјал и тоа по фракции, и
- дел за транспортната лента за транспорт на песокливиот материјал од боксовите до мешалката.

Капацитетот на силосот изнесува 35 m^3. Во текот на периодот 2019-2020 година инвеститорот ќе постави уште еден силос, со што вкупниот волумен/капацитет на силосите ќе изнесува 70 m^3.

Слика 5. Силос за складирање на прашкаст цемент.

Во зависност од големината на зрното одвојувањето на фракциите е со димензии: 0-4 mm, 4-8 mm и 8-16 mm додека во иднина доколку раководниот тим одлучи дека има потреба ќе се одвојува и четврта фракција.

Процесот на добивање на бетонот се одвива автоматски преку команден дел со кој управува операторот на постројката на бетон.

Силосот со цемент е поврзан со бетономешалката во која се додава сува маса цемент по рецептура во зависност од марката на бетон.

Со помош на скрепер се турка материјалот, односно потребната количина од секој тип на фракција до транспортерите за секоја фракција (или во челична корпа), а транспортерите го носат материјалот во сува состојба во бетономешалката.

Операторот на постројката за бетон од кабината автоматски додава вода за потребната количина на цемент и агрегат. Кога ќе се добие потребната смеса од цемент, агрегат и вода се врши полнење на калапите.

Од бетонската мешалка има отвор преку кој се врши полнење на калапите со готов бетон.

Слика 6. Дел од Постројката за дотур на материјал; бетономешалка со кабина за уравување со количините на материјал и вода.

Генерално гледано објектот претставува магацински простор за цемент и фракции на песок кои не претставуваат опасни материи од хемиски и од бактериолошки аспект, а исто така не горат и не го поддржуваат горењето.

Технолошкиот процес на мешање на бетонот не претставува опасност за животната средина, но мора да се потенцира дека е можно загадување на воздухот со фина прашина при процесот на истовар на сите видови агрегати и делумно загадување со цементна прашина при почетокот на депонирање на цементот во силосот. И за двата случаеви предвидени се водени завеси за спречување на дисперзијата на фината прашина при просејување на делови од материјалот.

Процес на производство на мали и големи преднапрегнати бетонски столбови

Првата машина (машина 1) е дизајнирана да произведува:

- 2 x 17 армирани преднапрегнати бетонски столбови со димензија 7 x 8 cm, вградени 4 жици и должина од 5 m (мали) и
- 2 x 3 армирани преднапрегнати бетонски столбови со димензија 9 x 9.5 cm, вградени 6 жици и должина од 5 m (големи).

Втората машина (машина 2) е дизајнирана да произведува:

- 2 x 16 армирани преднапрегнати бетонски столбови со димензија 9 x 9.5 cm, вградени 6 жици и должина од 5 m (големи).

Процесот на производство започнува со сечење на жица произведена од печен и плетен челик во должина од 11 метри. За да се припреми едната машина, потребни се 86 (96) парчиња жици што треба да се вметнат во празните делови означени на машината. Откако ќе заврши процесот на инсталирање на жицата, од двата краеви на машината се ставаат наврткі што служат да се закочи жицата од двете страни со цел да се припреми за процесот на затегнување. Навртките се чуваат потопени во нафта со цел да не се оштетат. После поставубањето на навртките, се активира машината за напрегање на жиците. Секоја жица од вкупно 86 (96) се оптегнува под сила на оптегнување од 2 тона. На крај машината и жиците се попрскуваат со моторно масло со цел да не дојде до лепење на бетонот.

Потоа следува подготовката на бетонот. Кога ќе биде спремен бетонот, се полни машината во калапите и се мазни од горната страна со цел да се отстрани вишокот на бетон. Со користење на вибрации бетонот рамномерно се распоредува во калапите. Откако ќе се заврши процесот на полнење на машините, се вклучува котелот и се загреваат цевките со пареа што се наоѓаат под машината. Парното е вклучено 6 до 8 часа со цел следниот ден столбовите да бидат суви и машината да биде спремна за празнење.

Машините за производство на бетонски преднапрегнати бетонски столбови и погонот се загреваат од ист котел.

Слика 7. Машина 1 и Машина 2 во Погонот за производство на бетонски елементи.

Отстранување на финален производ – преднапрегнати бетонски столбови

Процесот на отстранување на бетонските столбови е ист за двете машини. Најпрво се отстрануваат навртките (чаурите) и се потопуваат во нафта. Потоа се пресекува вишокот на жица од двете страни.

Се користат вибрации со цел да се олесни процесот на вадење на бетонските столбови од калапите и потоа со помош на виљушкар и синџири се креваат столбовите од двете страни. Откако ќе се извадат од машината, се отстранува вишокот на жица од краевите со помош на машина за брусење за на крај да се однесат на пакување за продажба.

Финалниот производ – преднапрегнатите бетонски столбови се складираат во рамки на опфатот на инсталацијата, на локација означена за таа намена. На таа локација столбовите се пакуваат во број според барањето на клиентот.

Слика 8. Финален производ и простор за складирање на финалниот производ.

Слика 9. Дел од механизацијата која се користи за дејноста на предметната Инсталација.

3. Управување и контрола

Управувањето со Друштвото за производство и трговија "КОНКРИТ СОЛУШНС" ДООЕЛ увоз-извоз е утврдено со Статут на друштвото усогласен со Законот за трговски друштва на Р Македонија, во кој се дефинирани правата и обврските на органите на управувањето.

Решението за упис во деловодникот на Централниот регистар на Р Македонија е издадено на 24.06.2019 година, со деловоден број: 35020190014484. Копија од ова решение е дадена во Прилог бр.1 на ова барање.

Во согласност, Друштвото претставува нов деловен субјект, односно мало претпријатие.

Во Друштвото за производство и трговија "КОНКРИТ СОЛУШНС" ДООЕЛ увоз-извоз моментално се вработени 6 лица, односно:

- Управител.....1 лице;
- Административен секретар.....1 лице;
- Оператор со возило за кревање и пренос на товар.....1 лице;
- Оператор со бетонска база.....1 лице;
- Општи работници.....2 лица.

Работниот процес во предметната инсталација во моментот се одвива во една работна смена, додека планот на Друштвото е производниот процес да го прошири во две работни смени, односно:

- 1ва смена:.....6:00 – 14:00 h;

- 2ра смена:.....16:00 – 24:00h.

Во овој момент органограмот на Друштвото за производство и трговија "КОНКРИТ СОЛУШНС" ДООЕЛ увоз-извоз е прикажан на следнета слика:



Управителот раководи со сите вработени на бетонската база кои се вклучени во директното производство. За технолошкиот дел од работата, опремата и работните упатства одговара Управителот, како и за идентификација, контрола, мониторинг, превенција од хаварии и заштита на животната средина. Одговорно лице за прашања од областа на заштита на животната средина е Тони Мојанчевски. Со оглед на тоа што се работи за бетонска база во која се применети сите безбедносни системи за заштита на вработените може да се каже дека нивото на грижа за работната средина е на задоволително ниво. Процесот на имплементација на стандардот ISO18001 за управување со здравјето и безбедноста при работа е во тек, земајќи предвид дека Друштвото е новоформирано.

Дополнително, политиката за обезбедување на квалитет на Друштвото предвидува и примена на најдобрите достапни техники на производство како и примена на сите достапни мерки за заштита на животната средина и контролирано спречување на загадувањето, за кои иницијален чекор претставува добивањето на Интегрираната еколошка дозвола. Друштвото исто така е во процес на имплементација на стандардот ISO14001 за управување со заштитата на животната средина.

Потребата на Друштвото за обезбедување на квалитет во текот на целокупниот процес на производство и пласман на производи се согледува и во процедурата за имплементација на стандардот ISO9001 која исто така е започната.

Во исто време политиката на компанијата ги следи светските трендови за обезбедување на квалитет и затоа се залага за навремено отстранување на сите нарушувања како во работната, така и во животната средина преку:

- обука и оспособување на вработените за внимателна и безбедна работа со опремата и примена на заштитните мерки при манипулација со опремата и со материите кои се користат;
- навремена контрола и одржување на опремата во добра работна функција и примена на лична заштита и заштитни средства;
- примена на мерките и активностите во спречување на хаварии и за реагирање во итни случаи.

Друштвото за производство и трговија "КОНКРИТ СОЛУШНС" ДООЕЛ увоз-извоз има изготвено методологија за идентификација на опасности и проценка на ризик, согласно која има утврдено и постапка за идентификација на опасности, проценка на ризици и управување со ризиците поврзани со заштитата на здравјето и безбедноста на работа, предизвикана од акттивностите на целокупниот персонал кој има пристап кон работното место, со рутински и нерутински активности.

Друштвото исто така има изготвено Акт за проценка на ризици, кој е заснован на утврдување на можните видови опасности и штетности на секое работно место и во работната околина, врз основа на кои со утврдената и дефинираната методологија, е извршена проценка на ризици од настанувањето на повреда на работа или оштетување на здравјето на вработените.

Врз основа на утврдените опасности и штетности и проценетите ризици, утврдени се начини и мерки за спречување и отстранување или намалување на ризиците, за секоја утврдена опасност или штетност.

Актот за проценка на ризици подлежи на ревизија со цел да се утврди ефикасноста на проценетите ризици и опасности, а ревизијата вклучува анализа на:

- Зголемен или намален број на инциденти;
- Зголемување на искуството во извршувањето на одредените активности;
- Промена на активностите и извршувањето на работните задачи;
- Примена на технологијата во одредени процеси;
- Промена на суровини и/или хемикалии;
- Промена на организационата шема;
- Промена во инфраструктурата на организацијата; и
- Промена на законската регулатива.

4. Суровини и помошни материјали и енергии употребени или произведени во инсталацијата

4.1 Суровини и помошни материјали

Инсталациите за производство на бетон имаат релативно мала листа на суровини и помошни материјали бидејќи производството на бетон во основа се состои од три основни компоненти, односно:

- Агрегат;
- Цемент; и
- Вода.

Сите типови на бетон ги содржат овие основни компоненти, само што агрегатот може да биде во различна големина, а и односот на цемент и агрегат може да биде различен. Предметната бетонска база на "КОНКРИТ СОЛУШНС" ДООЕЛ увоз-извоз ги користи овие основни компоненти, при што како агрегат се користи чакал.

За подобрување на својствата на свежиот или цврст бетон се додаваат и одредени адитиви, а предметната бетонска база користи средство со комерцијално име "Суперфлуид 21Ф". Овие средства ги подобруваат одредени карактеристики на бетонот, како: цврстина, еластичност, примена при ниски температури, време на зацврстување.

Основните компоненти и адитивите, односно сите суровини и помошни материјали Друштвото за производство и трговија "КОНКРИТ СОЛУШНС" ДООЕЛ ги набавува од Р Македонија од компании кои вршат производство или трговија со суровините или материјалите.

Дополнително, сите финални производи на предметната Инсталација се пласираат на домашниот пазар, односно на територијата на Р Македонија.

<u>Агрегат</u>

Агрегатот учествува со 70-80% во вкупната маса на бетонот и од неговите карактеристики зависат и својствата на бетонските смеси и својства на зацврстениот бетон. За припрема се користат природен песок, крупен песок и дробен материјал. Секако во предвид доаѓа и мешавина на сепариран песок, односно песок и дробен агрегат. Дробениот материјал по правило е поскап, па на природниот речниот агрегат во практиката најчесто му се дава предност. Природниот материјал заради заобленоста на зрната многу поповолно влијае на вградливоста и обработката на бетонските смеси. Меѓутоа и дробениот материјал има одредени предности, тој во петрографска смисла е многу похомоген, а тоа условува многу помала концентрација на напонот во зацврстениот бетон под оптеретување и при температурни промени. Обликот на зрната кои имаат остри ивици кај дробениот материјал овозможува остварување на вклештување на соседните зрна, па тоа допринесува за зголемување на механичките карактеристики, посебно за зголемување на цврстината на бетонот при затегање.

Просечната месечна потреба на агрегат на предметната Инсталација изнесува 88000 t. Просечното годишно искористување на агрегат за потребите на предметната Инсталација изнесува 1056000 t.

Цемент

Цементот претставува хидраулично минерално врзивно средство кое се добива со мелење на Портланд цементен клинкер, кој пак се добива од печење на варовник и глина на температура од 1350-1450 °C. Покрај портланд цементниот клинкер, за чие добивање се користи мешавина на варовник и глина во однос 3:1 (однос на масите), во цементот редовно е присутна и мала количина на гипс (до 5%) која се додава заради регулирање на времето на врзување на цементот. Портланд цементот го карактеризира размерно константен хемиски состав и тоа:

- CaO (врзан): 62-67%;
- SiO_2: 19-25%;
- Al_2O_3: 2-8%;
- Fe_2O_3: 1-5%;
- SO_3: најмногу 3-4,5%;
- CaO: (неврзан) 2%;
- MgO: најмногу 5%;
- Алкални соединенија (Na_2O и K_2O): 0,5-1,3%.

Цементите воопшто се делат на видови и класи. Видови претставуваат категории на цемент во зависност од составот и технологијата на производство, додека класите на цемент ги означуваат нивните механички карактеристики. Се делат во две основни групи: цементи на база на портланд цементен клинкер и на останати - специјални видови на цемент.

Просечното месечно искористување на цемент за потребите на предметната Инсталација изнесува 22 t. Во согласност, просечното годишно искористување на цемент изнесува 264 t.

Вода и водоснабдување

Водата претставува неопходна компонента на секоја бетонска мешавина, бидејќи само во нејзино присуство е можно да се одвива процесот на хидратација на цементот. Покрај ова, водата во свежиот бетон значајна е како компонента со која се остварува потребниот вискозитет на бетонската смеса, односно како компонента која овозможува ефикасно вградување и завршна обработка на бетонот. Водата за припрема на бетонот не смее да содржи состојки кои можат неповолно да влијаат на процесот на хидратација на цементот, исто така ниту такви состојки кои можат да бидат причина за корозија на арматурата (челикот) во армирано бетонски конструкции. Водата за пиење практично секогаш ги задоволува наведените услови, па таа може да се употребува за припрема на

бетон и без посебно докажување на соодветноста на намената. Меѓутоа, во сите останати случаи мора да се приложат докази за квалитетот на водата за бетон.

Водоснабдување со вода за пиење, за дневните потреби на вработените како и за одржување на хигиената на вработените и одржување на производствениот процес се врши преку градски водовод на градот Битола. Водоснабдувањето го врпи Јавното Комунално Претпријатие "Водовод" – Битола, со кое Друштвото за производство и трговија "КОНКРИТ СОЛУШНС" ДООЕЛ увоз-извоз има склучено договор за водоснабдување. Копија од фактура за месечна потрошувачка на вода е дадена во прилог бр.4 на ова барање.

Потрошувачката на вода за претходно опишаните потреби изнесува приближно 80 m³/месечно, додека годишно се трошат приближно 1000 m³ вода.

Друштвото за производство и трговија "КОНКРИТ СОЛУШНС" ДООЕЛ увоз-извоз потребната количина на вода ја обезбедува од градскиот водовод на градот Битола, кој преку соодветна водоводна мрежа се насочува и користи до потребните функции за соодветно функционирање на инсталацијата. Влезот на главната водоводна цевка е од западната страна на инсталацијата. Водата се користи за процесот на производство на бетон, додека многу мал дел се користи за одржување на мешалката и за одржување и чистење на пропратните делови на инсталацијата.

По употребата на водата во процесот на производство и одржување на опремата отпадната вода ќе се насочува преку одводен канал до таложник, односно разводна шахта, кој ќе биде изграден со повеќе нивоа. Во првото ниво на таложникот ќе се задржува милта, а потоа отпадната вода ќе се слива во останатите резервоари на таложникот каде ќе се врши исталожување на седиментот. Водата по третманот во таложникот ќе се враќа во процесот на производство на бетон.

Во моментот на изработка на ова Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола таложникот за физички третман на искористената вода во процесот на производство е во тек на изградба. Истиот се очекува да биде изграден и во целосна функција до крајот на 2019 година.

<u>Додатоци на бетонот</u>

Додатоците на бетон претставуваат адитиви кои што се додаваат во зависност од својствата на бетонот. Адитиви се супстанции кои со своето физичко, хемиско или комбинирано дејство влијаат на одредени својства на свежиот или цврстиот бетон. Дозирањето на адитивите е обично околу 5% од масата на цементот, а се додаваат при спремањето на бетонската смеса.

Најчесто користени адитиви се:

- Пластификатори;
- Аеранти;
- Затнувачи;
- Акцелератори;

- Ретардери;
- Инхибитори на корозија;
- Антифриз.

Во современото градење припремата на бетонска мешавина се врши најчесто по машински пат, при што оваа постапка се сведува на мешање и дозирање на компонентните материјали, со цел да се добие хомогена маса. Оваа операција се изведува во специјално организирани градбени пунктови или во посебни фабрики за бетон, кои се во состојба да снабдат и повеќе од едно градилиште со бетон. Одвоеното мешање на смесата покажува дека мешањето на цемент и вода во паста пред додавањето на агрегатот ја зголемува цврстината на бетонот на притисок. Пастата би требало да се меша при големи брзини во посебни миксери, а потоа така спремената мешавина да се соедини со агрегатот и остатокот на вода, во класични миксери. При мешањето на портланд цемент со вода, се добива пластично цементно тесто – цементна паста - која со време почнува да ја менува агрегатната состојба и да преминува во цврста супстанца. Причина за оваа промена на агрегатната состојба е хидратацијата – која претставува комплексен физичко хемиски процес. Времето на врзување на цементот обично се дефинира како временскиот период од моментот на мешање на цементот и водата, па до моментот кога цементната паста го губи својството на пластичност. Додека врзувањето на цементот се завршува релативно брзо, процесот на зацврстување не се завршува, тој трае неколку месеци до неколку години. Тој процес не е рамномерен, во почетокот е многу интензивен, а потоа успорува и се приближува кон одредена гранична вредност.

Предметната инсталација за производство на бетонски елементи како додаток за подобрување на својствата на бетонот користи "Суперфлуид 21Ф". По својот изглед овој адитив е светло жолта течност. Овој адитив претставува суперпластификатор за бетон, произведен на поликарбиксилатна основа. Се применува за постигнување на високи рани јакосни карактеристики, при производство на префабрикувани бетонски елементи (со или без запарување), при потребата од брзо ослободување на бетонските елементи од оплата, како и за преднапрегнати носачи и префабрикувани бетонски елементи. Дополнително, овој адитив овозможува висок степен на редукција на вода во бетонот, како и производство на разливни бетони, со висока класа на конзистенција, а погоден е и за подготовка на бетони наменети за бетонирање на густо армирани пресеци, подготовка на бетони со висок степен на водонепропусност и отпорност на атмосферски и други влијанија и агресии, како и за подготовка на бетон за бетонирање под вода. Техничките карактеристики на овој адитив се дадени во прилог бр. 31 на ова Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола. Просечната месечна потрошувачка на адитивот "Суперфлуид Ф21" изнесува 50 l, додека за годишното производство на предметната Инсталација потребни се приближно 600 l од овој адитив.

4.2 Готови производи од бетон

Друштвото за производство и трговија "КОНКРИТ СОЛУШНС" ДООЕЛ увоз-извоз во бетонската база во индустриската зона "Жабени" во Битола произведува еден вид на

финален производ од бетон – столбчиња за оградување, во две димензии. Столбчињата од бетон се произведуваат во следните димензии:

- A = 9.0 x 9.5 cm; H = 10 m;
- A = 7.0 x 8.0 cm; H = 5 m.

Просечното месечно производство на бетонските столбчиња со првите димензии изнесува приближно 800 парчиња, додека со вторите димензии месечно во просек се произведуваат приближно 600 парчиња.

Готовите производи се складираат во рамки на опфатот на инсталацијата, на определена и обележана локација. Истите се поставуваат на дрвени пелети, пред да бидат натоварени за дистрибуција до клиентите.

Табела 1. Детали за суровините, ресурсите, меѓупроизводите и производите поврзани со процесите, а кои се употребуваат или создаваат на локацијата.

Реф. број или шифра*	Материјал/Супстанција	CAS[4] број	Категорија на опасност[5]	Моментално складирана количина	Годишна употреба	R и S фази
С–1	Агрегат – чакал**	14808-60-7	/	50 m^3	1056000 t	/
С–2	Цемент***	65997-15-1	/	20 m^3	264 t	R36, 37, 38 S24, 25, 26, 36, 37, 39
С–3	Вода	7732-18-5	/	/	1000 m^3	/
С–4	Суперфлуид 21Ф$	/	/	50 l	600 l	/
С–5	Челична арматура	7439-89-6	/	/	~ 40 t (3.5 t/месечно)	/
Р–1	Електрична енергија	/	/	/	33.5 kWh/месечно	/
Р–2	Мазут	68476-33-5	/	/	4800 l	/
П–1	Бетонски столб 1	/	/	/	~ 9500 парчиња (~ 800 месечно)	/
П–2	Бетонски столб 2	/	/	/	~ 7000 парчиња (~ 600 месечно)	/

* Легенда: С-суровина; Р-ресурс; П-производ.

** суровината се набавува од: "ИНА-ТРЕЈД ЛОТЕ".

*** суровината се набавува од: "ТИТАН Цементарница УСЈЕ" АД.

$ суровината се набавува од: "АДИНГ" АД Скопје.

[4] Chemical Abstracts Service.
[5] Закон за превоз на опасни материи (Сл. Лист на СФРЈ бр. 27/90, 45/90; Сл. Весник на Р Македонија 12/93).

4.3 Енергија и енергенси

Електрична енергија

Предметната инсталација за производство на преднапрегнати производи од бетон во сопственост на Друштвото за производство и трговија "КОНКРИТ СОЛУШНС" ДООЕЛ увоз-извоз со електрична енергија се обезбедува од *EVN* Македонија АД Скопје.

Електричната енергија се дистрибуира до Инсталацијата и пропратните делови од целата инсталација и се употребува за:

- Непречено одвивање на производниот процес;
- Осветлување на просториите и опфатот на инсталацијата.

Просечна месечна потрошувачка на електрична енергија во предметната Инсталација изнесува 33.6 kWh.

Мазут

Мазутот претставува продукт што се добива како остаток при дестилација на нафтата и се користи како гориво. Ова гориво првенствено е наменето за користење како енергенс за добивање топлина во индустријата во инсталации што се опремени со системи за предгреење на горивото.

Според својот квалитет одговара на македонскиот стандард за квалитет на масла за горење МКС Б.Х2.430. Ниската содржина на сулфур од максимум 1% тежински овозможува користење на истото во урбани средини без опасност од зголемување на максимално дозволеното количество штетни издувни гасови.

За потребите на предметната инсталација мазут се користи за работа на котелот за добивање на топлинска енергија. Топлинската енергија се користи за сушење на бетонските елементи кои се произведуваат во Машина 1 и Машина 2. Под машините се наоѓаат цевки со пареа (парно) кои се загреваат со топлинската енергија од котелот. Парното на машините се вклучува на крајот од втората работна смена и истото е вклучено 6 до 8 часа, со цел следниот ден столбовите да бидат суви и машината да биде спремна за празнење.

Просечната месечна потрошувачка на мазут за потребите на производниот процес во предметната Инсталација изнесува 400 l. Во согласност со тоа, за работата на предметната Инсталација годишно се трошат приближно 4800 l мазут.

5. Цврст и течен отпад

Видовите на отпад кои ќе се генерираат при работата на предметната Инсталација (за производство на преднапрегнати бетонски елементи), а во согласност со Законот за управување со отпадот ("Сл. Весник на Р Македониа" бр. 68/04; Член 6) припаѓаат во следните категории:

- **Неопасен отпад**

  Отпад што не ги поседува карактеристиките на опасен отпад.

- **Инертен отпад**

  Отпад што е отпорен и не подлежи на никакви значителни физички, хемиски или биолошки трансформации, не се раствора, не согорува и не реагира на друг физички или хемиски начин, не се биоразградува, а отпадот и неговиот исцедок не влијаат на друга материја со којашто доаѓаат во допир, на начин на кој може да ја загрозат животната средина, животот и здравјето на луѓето.

- **Комунален отпад**

  Неопасен отпад што се создава од физичките лица во домаќинствата и комерцијалниот отпад.

- **Индустриски неопасен отпад**

  Отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад.

- **Отпадни масла**

  Минерални, синтетички или индустриски масла, во течна или во полутечна состојба, кои станале непогодни за употребата за којашто првично биле наменети, а особено употребените масла за моторите со внатрешно согорување, маслата за менувачките кутии, како и маслата за турбини и хидрауличните масла.

Начинот за правилно и одговорно управување со отпадот кој се создава од извршување на стопански дејности во согласност со законските норми е следниот:

Табела 2. Начин на правилно и одговорно управување со отпад.

1 чекор	Минимизирање на отпадот (најдобар избор)
2 чекор	Повторна употреба
3 чекор	Рециклирање
4 чекор	Спалување со добивање на енергија
5 чекор	Спалување
6 чекор	Одложување на депонија (најлош избор)

Според природата на материјалите (суровините) и готовите производи од предметната Инсталација особено внимание се посветува на создадениот отпад, на негова повторна употреба, рециклирање или безбедно одлагање. При работата на предметната Инсталација не се создава опасен отпад. При работата на предметната Инсталација за производство на преднапрегнати бетонски елементи (во сопственост на "КОНКРИТ СОЛУШНС" ДООЕЛ Битола) очекувани се следните видови на отпад:

- Мешан комунален отпад;
- Санитарна отпадна вода;
- Отпадна вода од процесот на производство;
- Отпад од бетон и мил од бетон;
- Метален отпад (од искористена челична арматура);
- Отпадно хидраулично и моторно масло;
- Искористени гуми од возила;
- Искористени акумулатори од возила.

Мешан комунален отпад кој што се создава од присуството на вработените или технолошкиот процес ќе се собира во садови обезбедени од јавното комунално претпријатие кое врши услуги за собирање и транспорт на комунален цврст и неопасен отпад.

Санитарна отпадна вода која што се создава од присуството на вработените се одведува преку постоечкиот систем за одведување на санитарни отпадни води кои функционира во рамки на индустриската зона "Жабени" до пречистителната станица за комунални отпадни води (која се наоѓа во опфтот на индустриската зона, на растојание од приближно 500 m северо-источно од предметната Инсталација).

Отпадна вода од процесот на производство на бетонските преднапрегнати елементи главно ќе се генерира при одржувањето (чистење со вода) на мешалката и површината на бетонската постројка. Откако ќе завршат активностите на производство на бетон неопходно е мешалката да се исчисти за да не дојде до зацврстување на бетонот што ќе доведе до оштетување на истата.

Отпадната вода од чистењето на мешалката се испушта во еден од миксерите, а од нив ќе се доведува во бетонирана преливна јама (таложник) каде ќе се врши исталожување на седиментот. Подоцна отпадната вода од таложникот ќе се користи за чистење на миксерите. Преку пумпа ќе се полнат миксерите со водата од таложникот и по нивното чистење водата повторно ќе се истура во таложникот. Со ова ќе биде создаден еден затворен циклус на повторно искористување на отпадните води, без истите да се испуштаат во реципиент или канализационен систем. Во моментот на подготовката на ова Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола преливната јама (таложникот) е во процес на изградба на локацијата на предметната Инсталација.

Отпадната вода од одржувањето (чистење) на Машина 1 и Машина 2 во погонот за производство на бетонски елементи преку одводен систем ќе се одведува надвор од погонот, а од тамо преку систем на канали ќе се доведува до локацијата каде ќе биде изградена преливната јама (таложник).

Таложникот за пречистување на отпадната вода ќе биде составен од каскадни комори, каде милта по пат на гравидација ќе се таложи на дното од коморите, додека чистата вода ќе останува на површината. Оваа вода повторно ќе се користи за одржување на мешалката во постројката и Машина 1 и 2 во погонот.

Во таложникот за пречистување на отпадната вода од процесот на производство ќе се создава **мил** - цврст отпад како резултат од процесот на таложење и овој отпад повторно ќе се искористува во најголем дел како тампонска подлога во градежништвото.

Отпад од бетон – отпадни мали парчиња од бетонските столбови кои се резултат на грешки или напукнувања при производството. Истите ќе бидат складирани на посебна обележана локација во рамки на опфатот на предметната Инсталација. Овој материјал може да биде предмет на повторна употреба во градежништвото (како на пример дел од подлогата при изградба на патишта или автопати) или рециклирање (во зависност од структурните карактеристики и резултати од тестирање да биде повторно искористен во производството на бетонски елементи).

Метален отпад (од искористена челична арматура) кој би се создавал при производството и при одржување и промена на делови на бетонската база ќе се складира во опфатот на предметната Инсталација, на посебна и обележана локација, од каде ќе го презема Овластена компанија за постапување и третман на ваков вид на отпад.

Отпадно хидраулично и моторно масло – можно е да се создаваат при одржување на постројката и при одржување на механизацијата и/или возилата. Овие масла треба се складираат во пластични или метални бурија, со исправни затворачи и да бидат поставени во затворен простор, на темно место и поставени на бетонска подлога која ќе биде соодветно заградена за заштита од истекување.

Отпадното масло треба да се предаде на компанија овластена за постапување или третман на ваков вид на отпад.

Искористени гуми од возила – доколку се генерираат од механизацијата или возилата ќе се складираат во рамки на опфатот на предметната Инсталација, на посебна обележана локација и ќе се предаваат на компанија овластена за постапување или третман на ваков вид на отпад.

Искористени акумулатори од возила – доколку се генерираат од возилата кои се во служба на Инсталацијата ќе се складираат во рамки на опфатот на предметната Инсталација, на посебна обележана локација и ќе се предаваат на компанија овластена за постапување или третман на ваков вид на отпад.

Во следната табела прикажани се видовите на отпад кои се очекуваат од работата на предметната Инсталација за производство на преднапрегнати бетонски елементи на "КОНКРИТ СОЛУШНС" ДООЕЛ – Битола, како и претпоставените количини на годишно ниво и начинот на постапување со истите, а во прилог бр. 28 даден е договор со овластена компанија за превземање на опасен отпад.

Табела 3. Видови на отпад како резултат на работата на инсталацијата.

Реф. бр.	Вид на отпад/материјал	Број од Европскиот каталог на отпад	Годишна количина	Преработка/одложување	Метод и локација на одложување
1	Измешан комунален отпад	20 03 01	< 3 t	Се одложува во контејнер на посебна обележана локација во опфатот на Инсталацијата	Ќе се презема од страна на КЈП "Комуналец" Битола
2	Отпад од бетон	10 13 14	< 10 t	Привремено ќе се одложува на посебна обележана локација во опфат на Инсталацијата	Ќе се предава на компанија овластена за постапување со ваков вид на отпад или ќе се предава на општината
3	Отпад од железо и челик	19 10 01	< 2.5 t	Привремено ќе се одложува на посебна обележана локација во опфатот на Инсталацијата	Ќе се предава на компанија овластена за постапување со ваков вид на отпад
4	Мил од бистрење на вода (од таложникот за отпадна вода која потекнува од производниот процес)	19 09 02	< 250 m^3	Нема да се отстранува од таложникот и редовно (на секои три месеци) ќе се презема од овластена компанија	Ќе се предава на компанија овластена за постапување на ваков вид на отпад
5	Хидраулични масла што лесно се биоразградуваат	13 01 12	< 10 l	Привремено ќе се складираат во добро затворени метални или пластични буриња, на посебна обележана и темна локација во опфатот на Инсталацијата	Ќе се предава на компанија овластена за постапување со ваков вид на отпад
6	Други моторни и трансмисиони масла	13 02 08	< 10 l	Привремено ќе се складираат во добро затворени метални или пластични буриња, на посебна обележана и темна локација во опфатот на Инсталацијата	Ќе се предава на компанија овластена за постапување со ваков вид на отпад

7	Искористени гуми од возила	16 01 03	< 100 kg	Привремено ќе се одложува на посебна обележана локација во опфатот на Инсталацијата	Ќе се предава на компанија овластена за постапување со ваков вид на отпад
8	Оловни акумулатори	16 06 01	1 парче	Привремено ќе се одложува на посебна обележана локација во опфатот на Инсталацијата	Ќе се предава на компанија овластена за постапување со ваков вид на отпад

6. Емисии во атмосферата

Фугитивни емисии

Фугитивните и потенцијалните емисии кај сепарацијата и бетонската база се емисиите кои се создадени при:

- Емисија на цврсти честички од самиот дробен агрегат (суровина) доколку е складиран на отворен простор;
- Емисија на цврсти честички која може да се јави од силосот доклку системот за дозирање е неисправен;
- При движење на тешки товарни возила во рамките на инсталацијата, довоз на суровина, извоз на готов производ;
- Движење на механизацијата при полнење на бункерите со камен агрегат;
- Емисии на издувни гасови од градежната механизација и возилата кои се користат во технолошките процеси.

Во согласност со анализите на слични инсталации, може да се претпостави дека фугитивните емисии на минерална прашина ќе се јавуваат во мала количина и според нивниот карактер, истите нема да претставуваат екстремно загадување на животната средина, особено доколку се земе во предвид влажнењето на дворната површина со помош на цистерна и распрскувачи.

На самите силоси за цемент ќе бидат инсталирани филтри кои ќе ја задржуваат прашината од цементот во самиот силос за време на полнењето на иститот, па фугитивната емисија ќе биде занемарлива. Филтерот, изработен од неткаен материјал полиестер со посебна површинска обработка, претставува заштита од емисија на фина прашина во воздухот. Прашината се зафаќа на филтерот, додека воздухот се пропушта да излезе во атмосферата. Прашината која е наталожена на филтрите периодично се отстранува со помош на компресиран воздух и на тој начин се врши нивно чистење.

На бетонската база има два силоси за цемент. Имисија настанува само во моментот на дотур на цемент, односно на силосите има отвор за кога ќе се стави цементот да има од каде да излезе вишокот воздух. Тој воздух излегува низ отвор на кој има механички филтер. Значи од бетонската база нема постојана имисија на цврсти честици, нема оџак на кој би биле поставени мерни сонди за имисија на цврсти честици.

Сепарацијата за песок, дробењето на агрегатот се одвива во затворена дробилка, односно прашината останува во агрегатот, кој потоа оди на сепарирање низ сита на кој постојано ќе биде вклучена водена завеса која го спречува загадувањето на атмосферата со цврсти честици.

Во процесот на складирање на песокот ќе се врши прскање со вода на куповите.

За потребите на ова Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола беа извршени мерења на концентрацијата на PM10 честички во воздухот, на 5 локации. Локациите на мерните места се на границите на инсталацијата и едно мерно место надвор од опфатот

на инсталацијата (на приватна земјоделска површина) во согласност со доминантниот правец на ветрови во текот на годината. Врз основа на извршените мерења на концентрацијата на честички со големина до 10 µm (PM10) во воздухот измерените вредности се помали од максимално дозволените вредности според Уредба за гранични вредности на нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели ("Службен Весник на РМ" бр. 50/05).

Резултатите од овие мерења се дадени во прилог бр.32 на ова Барање.

Емисии од стационарни извори (котли)

Во согласност со Член 45 од Законот за квалитет на амбиентниот воздух ("Сл. Весник на Р Македонија" бр. 67/04; 92/07; 35/10; 47/11 и 163/13) правните и физички лица кои се сопственици, односно корисници на определени инсталации кои претставуваат извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух должни се да:

"1) инсталираат и да одржуваат во исправна состојба мерни инструменти за следење на емисиите на местото на изворот и

2) обезбедат редовно следење, мерење и обработка на податоците на емисиите од изворот на загадување и за тоа да водат дневник."

Методологијата на мерење на емисиите во воздухот од стационарните извори е дефинирана со Правилник за методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарните извори ("Сл. Весник на Р Македонија" бр. 11/12). Според Член 5 од овој Правилник:

"Мерењето на емисиите за:

- инсталациите кои спаѓаат во стационарните извори на емисија и подлежат на системот на добивање на интегрирани еколошки дозволи односно дозволи за усогласување со оперативен план (ИСКЗ дозволи), се врши во согласност со начинот утврден во истите,
- инсталациите кои спаѓаат во стационарните извори на емисија со согорувачки капацитети или само согорувачки инсталации со инсталирана моќност од 0 - 50 MW вршат задолжителни периодични мерења на емисиите на загадувачките супстанци во воздухот најмалку еднаш годишно или во согласност со начинот како што е утврден во ИСКЗ дозволите"

Граничните вредности на емисиите (ГВЕ) и видовите на загадувачки супстанции кои потекнуваат од работата на стационарните извори се дефинирани со Правилник за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот ("Сл. Весник на Р Македонија" бр. 141/10). Дополнително, за правилно користење на овој Правилник подготвено е *Упатство за примена на Правилникот за граничните*

вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање. Во ова Упатство наведено е дека: "Гранични вредности за емисии (ГВЕ) при согорување во ложишта до 1 MW не се бараат или не се воспоставуваат освен редовно исполнување на барањата од поедините стандарди при водење на согорувањето во овој тип на ложишта." Во зависност од тоа каков вид на гориво се користи во инсталацијата (цврсто, течно, гасовито или биогас) се користат CEN и ISO стандардите. Дополнително е потенцирано дека граничните вредности за емисиите од овие инсталации може да бидат дефинирани и со посебните дозволи со кои се одобрува нивното работење (како што е Интегрираната еколошка дозвола издадена од надлежниот орган).

Членот 12 од Правилник за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот ("Сл. Весник на Р Македонија" бр. 141/10) се повикува на четири стандарди МКС М.Е6.110; МКС М.R.4.020; МКС М.Е6.120; МКС В.Н8.270 кои го регулираат користењето и емисиите на согорувачките капацитети до 1 MW. **На веб страната на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија (**http://www.isrm.gov.mk**) за стандардот МКС М.Е6.110 стои статусот: "повлечен", додека за остнатите три стандарди: "не е најден документ"**.

За потребите на предметната Инсталација се користи котел за добивање на топлинска енергија за загревање на цевките со пареа сместени под Машина 1 и Машина 2 од Погонот. Топлинската енергија од овој систем се користи за отстранување на водената компонента од бетонските елементи. Котелот кој се користи на предметната Инсталација за производство на бетонски елементи има капацитет (термален влез) помал од 1 MW. Во согласност со тоа и во недостаток на законски прописи кои ги регулираат емисиите (и дефинираат ГВЕ) од ваков вид на котли, мерења на емисиите од котелот на предметната Инсталација во оваа фаза од подготовката на Барањето за Б-интегрирана еколошка дозвола не се направени.

Во секој случај, во согласност со Член 5 од Правилник за методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарните извори ("Сл. Весник на Р Македонија" бр. 11/12) предметната Инсталација ќе врши задолжителни периодични мерења на емисиите на загадувачките супстанци во воздухот најмалку еднаш годишно. Дополнително, Инсталацијата ќе врши уште едно мерење во текот на годината како контролна мерка. За секое од извршените мерења (два пати годишно) Инсталацијата ќе води Дневник од извршени мерења.

Табела 4. Карактеристики на котелот кој се користи на инсталацијата[6].

Капацитет на котелот Производство на пареа: Термален влез:	kg/h 1.3 MW	
Гориво за котелот Тип: Максимален капацитет на согорување: Содржина на сулфур:	нафта CHV2-100 ENGLAND Потррошувачка на гориво сса. 108 kg/h (од квалитетот на гориво) 2%	
NO_x	1 mg/Nm^3 at (0°C 3% O_2 (liquid or gas), 6% O_2 (solid fuel)	
Максимален волумен на емисија	Волуменски проток 400-500 m^3/h зависно од согорувањето во ложиштето	
Температура	Температура на димните гасови пред влез во емитер 250°C (min)	Температура на димните гасови пред влез во емитер 300°C °C (max)
Периоди на работа	6 h/day	сса. 200 days/year

Табела 5. Точкасти извори на емисии (оџаци) во производството.

Извор на емисија	Детали за емисијата				Намалување на загадувањето
Референца/бр. на оџак	Висина на оџак [m]	Супстанција/ материјал	Масен проток [mg/Nm^3]	Проток на воздух [Nm^3/h]	Тип на филтер/циклон/скрубер

[6] Се однесува на котли со моќност поголема од 250 kW, помалите котли не се вклучени во оцената.

7. Емисии во површински води и канализација

7.1 Емисии во површински води

Технолошка вода во предметната инсталација се употребува единствено за изготвувањето на бетонот и одржување на постројката, секојдневно после завршување на производството. Оваа вода после употребата ќе се слева во таложник од каде после исталожувањето, со помош на пумпа ќе се враќа во процесот на производство на бетон како суровина, односно ќе се рециклира и нема да се емитира/испушта во реципиент. Во прилог бр. 27 дадена е прегледна карта со приказ на канализационата мрежа.

Директно и индирекно загадување на подземни и површински води нема да постои затоа што:

- На инсталацијата се предвидени активности со кои се врши само трансформирање на природен материјал;
- Инцидентно истекување на масла од механизацијата и опремата ќе се третира со посипување со најситната фракција и ќе се отстранува заедно со комуналниот отпад;
- Во непосредна близина на предметната Инсталација нема површински водотеци кои би можеле да бидат засегнати од емисии од инсталацијата;
- Отпадните масла од моторните возила се собираат во метални бурења, кои соодветно се складираат се до нивно превземање од страна на овластена компанија;
- Отпадната вода од чистењето на мешалката се испушта во еден од миксерите, а од нив ќе се одведува до бетонирана преливна јама каде ќе се врши исталожување на седиментот. Подоцна отпадната вода од таложникот ќе се користи за чистење на миксерите. Преку пумпа ќе се полнат миксерите со водата од таложникот и по нивното чистење водата повторно ќе се истура во таложникот. Со ова се создава еден затворен циклус на сикористување на отпадните води, без истите да се емитираат/испуштаат во реципиент.
- Комуналниот отпад се складира во соодветни контејнери. Со ова се спречува директен контакт на отпадот со почвата и евентуално продирање на штетни материи во подземните води.

Слика 10. Систем за одведување на отпадна вода од Погонот и од опфатот на Инсталацијата.

Во согласност со тоа што од предметната Инсталација нема инспуштање на отпадни води директно во реципиент (површински водотек) следните табели не се пополнети.

Табела 6. Карактеристики на отпадната вода

Параметар	Пред третирање				После третирање				
Име на супстанција	Макс. просек на час [mg/l]	Макс. дневен просек [mg/l]	kg/day	kg/year	Макс. просек на час [mg/l]	Макс. дневен просек [mg/l]	kg/day	kg/year	Идентитет на реципиентот [N; S][7]

[7] Согласно Националниот координатен систем.

Параметар	Резултати [mg/l]				Нормален аналитички опсег	Метода/ техника на анализа
	Датум	Датум	Датум	Датум		
pH						
Температура						
Електрична проводливост µS						
Амониумски азот NH_4-N						
Хемиска потрошувачка на кислород						
Биохемиска потрошувачка на кислород						
Растворен кислород O_2 (p-p)						
Калциум Ca						
Кадмиум Cd						
Хром Cr						
Хрол Cl						
Бакар Cu						
Железо Fe						
Олово Pb						
Магнезиум Mg						
Манган Mn						
Жива Hg						

Параметар	Резултати [mg/l]				Нормален аналитички опсег	Метода/ техника на анализа
	Датум	Датум	Датум	Датум		
Никел Ni						
Калиум K						
Натриум Na						
Сулфат SO_4						
Цинк Zn						
Вкупна базичност (како $CaCO_3$)						
Вкупен органски јаглерод TOC						

Вкупен оксидиран азот TON						
Нитрити NO_2						
Нитрати NO_3						
Фекални колиформни бактерии во раствор (/100ml)						
Вкупно бактерии во раствор (/100ml)						
Фосфати PO_4						

7.2 Емисии во канализациони системи

Санитарната/комунална отпадна вода која што се создава од присуството на вработените на Инсталацијата се одведува преку постоечкиот систем за одведување на санитарни отпадни води кои функционира во рамки на индустриската зона "Жабени" до пречистителната станица за комунални отпадни води (која се наоѓа во опфтот на индустриската зона, на растојание од приближно 500 m северо-источно од предметната Инсталација).

8. Емисии во почва

Потенцијалното загадување на почвата е сведено на минимално ако се земе предвид следново:

- На инсталацијата се предвидени активности со кои се врши само трансформирање на природен материјал;
- Инцидентно истекување на масла од механизацијата и опремата ќе се третира со посипување со најситната фракција и ќе се отстранува заедно со комуналниот отпад;
- Во непосредна близина на предметната Инсталација нема површински водотеци кои би можеле да бидат засегнати од емисии од инсталацијата;
- Отпадните масла од моторните возила се собираат во метални бурења, кои соодветно се складираат се до нивно превземање од страна на овластена компанија;
- Внатрешниот транспорт во рамките на инстацијата се одвива по асфалтиран пат со кружен ток на движење, кое овозможува непречено движење на возила за влез на суровини и излез на готови производи. Озеленувањето на дворната површина како природен филтер придонесува во намалување на загадувањето на воздухот и почвата, особено кога се застапени и дрвенасти растенија. Предвидено е озеленување на дворната површина која не е искористена за потребите на производниот процес или за складирање на потребните суровини или производи;
- Комуналниот отпад се складира во соодветни контејнери. Со ова се спречува директен контакт на отпадот со почвата и евентуално продирање на штетни материи во неа;
- Отпадната вода од чистењето на мешалката ќе се испушта во еден од миксерите, а од нив во бетонирана преливна јама каде ќе се врши исталожување на седиментот. Подоцна отпадната вода од таложникот ќе се користи за чистење на миксерите. Преку пумпа ќе се полнат миксерите со водата од таложникот и по нивното чистење водата повторно ќе се доведува во таложникот. Со ова се создава еден затворен циклус на повторно искористување на отпадните води, без истите да се емитираат/испуштаат во реципиент;
- На предметната инсталација во моментов постои управна зграда во која се изведени санитарни јазли за потребите на вработените. Отпадните води од санитарните јазли се влеваат во септичка јама;
- Санитарната/комунална отпадна вода која што се создава од присуството на вработените на Инсталацијата се одведува преку постоечкиот систем за одведување на санитарни отпадни води кои функционира во рамки на индустриската зона "Жабени" до пречистителната станица за комунални отпадни води.

Од изнесеното може да се заклучи дека од работата на предметниот објект околната почва и почвената вегетација нема да биде деградирана.

9. Земјоделски и фармерски активности

Во рамките на предметната Инсталација не се вршат земјоделски или фармерски активности и затоа инсталацијата не генерира загадување предизвикано од отпад кој потекнува од земјоделски активности. Дополнително, во предметната Инсталација не се врши производство на материи/средства (како фертилизатори) за потребите на земјоделството.

Во согласност, следната табела не е пополнета.

Табела 7. Земјоделски и фармерски активности

Идентитет на површината	
Вкупна површина (ha)	
Корисна површина (ha)	
Култура	
Побарувачка на фосфор (kg P/ha)	
Количество на мил расфрлена на самата фарма (m^3/ha)	
Проценето количество на фосфор во милта расфрлена на фармата (kg P/ha)	
Волумен што треба да се аплицира (m^3/ha)	
Аплициран фосфор (kg P/ha)	
Вкупно количество внесена мил (m^3)	

10. Бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење

10.1 Бучава

Најголем извор на бучава од работењето на инсталацијата преставува процесот на приготвување на бетон односно работата на мешалката, градежната механизација - за пренос на сепарираните фракции, како и движењето на камионите за достава на суровини и извоз на готов производ. Големо влијание врз интензитетот на бучава при изведување на оваа операција има интензитетот и распределбата на воздушните ударни и звучни бранови, што во случајов се појавуваат како континуирана бучава со мала варијација во интензитетот нагласен при вклучување на мешалката и стартувањето на моторите со внатрешно согорување на камионите и скипот.

Од пресудна важност за влијанието на бучавата по самата околина е оддалеченоста на населените места во однос на инсталацијата, геолошките услови и конфигурацијата на теренот. Теренот во кој е сместена предметната Инсталација е рамничарски со надморска височина од околу 300 m и припаѓа на подрачје со земјоделска дејност. Најблиските населени места се наоѓаат на растојание од поголемо од 1000 m. Во близина на објектот нема постојани водотеци. Земајќи ја во предвид поставеноста на објектите на предметната Инсталација, може да претпоставиме дека бучавата нема да има големо влијание врз околината.

Горенаведените извори на бучава се сметаат како точкасти извори на бучава и како такви се анализирани подолу во текстот. Земајќи ги предвид карактеристиките на опремата и нејзината старост, изворите емитираат бучава со следниот интензитет како што е наведено во табелата за извори на бучава:

- Возила во инсталацијата ~ 85 dB;
- Стационарна мешалка ~ 82 dB.

Познато е дека интензитетот на бучава кај точкасти извори на бучава се намалува за 6 dB со удвојување на растојанието од изворот.

Според својата местоположба овој објект припаѓа во подрачје од IV степен на заштита од бучава, дефиниран во Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места (Сл. весник бр. 120/08). Максимално дозволените вредности пропишани во Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина ("Сл. Весник на Р Македонија" бр. 147/08) изнесуваат:

- дење 70 dBA;
- вечер 70 dBA;
- ноќе 60 dBA.

За да се утврди реалното еквивалентно ниво на бучава на предметната инсталација направено е мерење на нивото на бучава на границите на инсталацијата при постојан режим на работа на мешалката, механизацијата и товарните возила. Извештајот од

мерењето на бучавата која се емитира во предметната Инсталација е даден во прилог бр.32 на ова барање. Мерните места за ниво на бучава, како и опис на истите, се дадени во прилог на самиот извештај.

Табела 8. Емисии на бучава.

Извор на емисија Референца/бр.	Извор/уред	Опрема Референца/бр.	Интензитет на бучава dB на означена оддалеченост*	Периоди на емисија (број на часови претпладне/попладне)
ММ1	Мешалка; Транспортна лента (Постројка)	/	76.0 (во непосредна близина)	5-6 часа (претпладне)
ММ2	Машина 1 и Машина 2 (Погон)	/	64.8 (во непосредна близина)	3-4 часа (претпладне)

* Прикажани се измерените вредности во непосредна близина на опремата.

Табела 9. Локација на изворите на бучава.

Референтни точки	Национален координатен систем	Нивоа на звучен притисок (dB)		
		$L(A)_{eq}$	$L(A)_{10}$	$L(A)_{90}$
Граници на локацијата				
Локација 1 (ММ3):	40°56'37.39"N 21°25'9.15"E	51.1	НП	НП
Локација 2 (ММ4):	40°56'35.96"N 21°25'10.81"E	52.4	НП	НП
Локација 3 (ММ5):	40°56'34.99"N 21°25'7.98"E	52.0	НП	НП
Локација 4 (ММ6):	40°56'36.98"N 21°25'7.01"E	61.6	НП	НП
ОСЕТЛИВИ ЛОКАЦИИ				
Локација 5 (ММ1):	40°56'36.92"N 21°25'8.41"E	76.0	НП	НП
Локација 6 (ММ2):	40°56'36.03"N 21°25'9.35"E	64.8	НП	НП

Мерењето на ниво на бучава во животната средина е извршено на пет мерни места на предметната Инсталација. Локацијата на предметната Инсталација од северната страна се граничи со голем индустриски објект, додека од останатите страни се граничи со земјоделска површина. Бучавата е мерена за време на извршување на работните активности во Инсталацијата.

Од добиените резултати од извршените мерења, може да се заклучи следново:

Измерените вредности ги задоволуваат барањата на Правилникот за граничните вредности на ниво на бучава во животната средина на сите мерни места, освен на мерното место 1 во непосредна близина на постројката за производство на бетон. Во секој случај на границите на предметната Инсталација измерените вредности се пониски од граничните вредности дефинирани во Правилникот за гранични вредности на ниво на бучава во животната средина ("Службен Весник на Р Македонија" бр. 147/08).

10.2 Вибрации

Во рамките на предметната Инсталација не постојат извори на вибрации кои можат негативно да влијаат врз животната средина. Целокупната опрема е поставна на армирано бетонско плато кое амортизира евентуална појава на вибрации, додека вибрациите од механизацијата се амортизираат преку гумените пневматици. Населените места се наоѓаат на безбедно растојание, а населението нема да биде засегнато од евентуалната појава на вибрации.

10.3 Нејонизирачко зрачење

Извори на нејонизирачки зрачења (како светлина и топлина) кои негативно би влијаеле врз животната средина не постојат.

11. Точки на мониторинг на емисии и земање примероци

Мониторингот (континуирано следење) на емисиите во атмосферата кои потекнуваат од точкаст извор кај инсталациите за производство на бетонски елементи претставува специфична активност. Тоа е поради фактот дека кај овој вид на инсталации најчесто има само еден точкаст извор на емисија во воздух, а тоа е отворот на силосот за цемент. Кај предметната Инсталација ќе бидат инсталирани два силоси за цемент. Дополнително, во случај на предметната Инсталација не станува збор за извор на континуирана емисија. Емисијата се случува само при полнење на силосите со цемент (најчесто три пати неделно во траење од околу 2 часа за секој). Со цел намалување на емисијата за време на полнењето, на самите силоси за цемент ќе бидат инсталирани филтри кои ја задржуваат прашината од цементот во самиот силос за време на полнењето, а со тоа фугитивната емисија на фина прашина станува занемарлива. Филтерот изработен од неткаен материјал, полиестер со посебна површинска обработка, претставува значителна заштита на воздухот од емисија на фина прашина/цврста материја. Прашината/цврстата материја се зафаќа на филтерот, додека воздухот се пропушта да излезе во атмосферата. Прашината која е наталожена на филтрите периодично ќе се отстранува со помош на компресиран воздух и на тој начин ќе се врши нивно чистење.

Друг вид на емисија во воздух која потекнува од предметната Инсталација претставува фугитивната емисија при:

- движење на механизацијата низ базата;
- полнење на боксовите од складовите за сепариран камен агрегат;
- полнењето на складовите за камен агрегат;
- повремено при дување на посилен ветер од самите отворени складишта.

Оваа емисија е неконтролирана и затоа не може да се следи, односно да се извршни мониторинг. Мерењето на фугитивната емисија технички е изводливо и постојат мерки во светски рамки, но овие мерки не се практикуваат за емитери како бетонски бази. Затоа кај нив најчесто се применува методата на пресметка со фактори на емисија.

Во случајот на предметната Инсталација на "КОНКРИТ СОЛУШНС" ДООЕЛ Битола ќе бидат преземени повеќе мерки со цел намалување на можноста за фугитивна емисија на прашина, како што се:

- оградување на складовите со прегради;
- бетонирање на делот каде се движи скипот помеѓу боксовите и складовите за сепариран агрегат;
- прскање со вода во делот каде има поголемо присуство на ситен песок и
- инсталирање на ефикасни филтри на силосите за цемент.

Во однос на другите медиуми од животната средина потенцијалните влијанија се занемарливи и во согласност со тоа за истите не е предложена програма со контимуиран мониторинг.

Емисија на вода во површински реципиент не постои, бидејќи се врши рециклирање на водата која се продуцира при одржувањето на бетонската постројка.

Комуналната/санитарна отпадна вода се одведува до пречистителна станица за комунална отпадна вода која се наоѓа во опфатот на Индустриската зона Жабени.

Во однос на областите на животната средина, бучавата која се емитира се движи во рамките на максимално дозволените вредности. Во согласност со тоа, не се препорачува зачестен мониторинг на ниво на бучава, односно доволно е два пати годишно да се проверува состојбата со нивото на бучава.

Во следната табела прикажани се параметрите за кои треба да се изврши мерење во рамки на програмата за мониторинг на емисиите во животната средина.

Табела 10. Предложен начин на мониторинг на емисиите во животната средина.

Параметар	Фрекфенција на мониторинг	Метод на земање примероци	Метод на анализа/техника
PM_{10}	Два пати годишно	Гравиметриски	МКС ISO 12341:2007
Ниво на бучава	Два пати годишно	Букомер	МКС ISO 1996:2:2010

12. Програма за подобрување

Локацијата на предметната Инсталација за производство на преднапрегнати бетонски елементи се наоѓа во склоп на Индустриската зона "Жабени" во близина на градот Битола. Во непосредна близина на предметната Инсталација (од северната страна) се наоѓа поголем индустриски објект, додека од останатите страни на Инсталацијата се наоѓа земјоделска површина. На предметната локација поставени се сите неопходни инфраструктурни инсталации за непречено извршување на работните активности. Преку регионален патен правец локацијата е поврзана со градот Битола.

Ваквата поставеност на предметната Инсталација овозможува доста поволни услови за изведување на сите активности, а притоа не предизвикувајќи поголеми негативни влијанија по самата непосредна околина и населението. Најблиските населени места се наоѓаат на растојание од поголемо од 1000 m. Нивото на бучава се очекува и понатаму да не ги надминува максимално дозволените граници и затоа не постои потреба од дополнителни интервенции.

За да се намали емисијата на фугитивна прашина, особено во сушниот период од годината, неопходно е да се врши редовно прскање со вода на патиштата за движење на возилата и на деловите каде се складира најситниот агрегат.

Се препорачува засадување на дрвенести растителни видови кои ќе имаат повеќекратна улога, односно:

- спречување на разнесувањето на прашината;
- намалување на силината на ветерот кој би вршел разнесување на прашина на и околу инсталацијата во вид на фугитивна емисија;
- бариера за намалување на нивото на бучава која се шири надвор од инсталацијата;
- многу по природен изглед односно ќе ја зголемат нејзината пејзажна вредност.

Дополнително, за да се намали и фугитивната емисија од страна на најситните фракции во временски неприлики при дување на ветер неопходно е истата да се покрие со настрешница.

Обврска на сите правни и физички лица е грижа за животната средина согласно Закон за животна средина ("Сл. весник на Р Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13,42/14, 44/15, 129/15, 39/16 и 99/18), превземање на мерки и активности со кои влијанијата врз животната средина би биле минимални. Програмата за подобрување всушност треба да ја заштити животната средина односно да овозможи имплементација на предложените мерки за намалување на можните негативни влијанија од предметниот објект.

Мерките за реализација на програмата за заштита на животната средина, се прикажани во следнава табела:

Табела 11. Мерки од програмата за заштита на животната средина.

Реден бр.	Опис на мерката	Цел на мерката	Временски распоред за реализација
1.	Редовно прскање со вода на деловите каде се движат возилата и на деловите каде е складирана најситната фракција на агрегатот	Намалување на нивото на фугитивна емисија на прашина / Заштита на воздухот од загадување	Постојано, а особено во сушните периоди од годината
2.	Покривање на боксовите за најситната фракција	Намалување на нивото на фугитивна емисија на прашина / Заштита на воздухот од загадување	12/2019
3.	Изградба на бетонирана преливна јама (таложник) каде ќе се врши исталожување на седиментот	Намалување на количината на отпадна мил во отпадните води / Заштита на водите од загадување	12/2019
4.	Изведба на сливници за атмосферската вода и довод на атмосферската вода до таложникот	Зафаќање и спроведување на атмосферските води и талогот од минералната прашина од површината на Инсталацијата / Заштита на водите од загадување	03/2020
5.	Засадување на дрвенести видови на растенија во дрвореди на границите на Инсталацијата	Намалување на негативните влијанија врз почвата и воздухот	Пролет 2020
6.	Редовно оддржување и сервис на возилата, механизацијата и опремата во бетонската Постројка и Погон	Превенција од истекување на моторно масло во почвата и водите; Намалување на нивото на бучава и вибрации; Поефикасна работа на моторите, а со самото тоа и помалку емисии во воздухот	Постојано за време на работата на Инсталацијата
7.	Соодветно складирање на отпадните масла и масти од машините и моторните возила	Рационално управување со отпадните материјали / Заштита на водите и почвата	Постојано за време на работата на Инсталацијата
8.	Редовно користење на еколошки прифатливи масти и масла	Заштита на почвата и водите	Постојано за време на работата на Инсталацијата
9.	Соодветно складирање на старите гуми од моторните возила	Рационално управување со отпадните материјали, заштита на водите и почвата	Постојано за време на работата на Инсталацијата

10.	Соодветно складирање на акумулаторските батерии	Заштита од инцидентно истекување, што би можело да ги контаминира водите и почвата	Постојано за време на работата на Инсталацијата
11.	Селектирање на отпадот кој може да се рециклира (отпад од амбалажи, метален и друг отпад)	Рационално управување со отпадните материјали, со цел примена на систем за одржливо управување со отпадот	Постојано за време на работата на Инсталацијата
12.	Континуирана едукација на целиот персонал на бетонската база за правилно постапување со отпадот	Рационално управување со отпадните материјали, со цел примена на систем за одржливо управување со отпадот	Постојано за време на работата на Инсталацијата
13.	Обезбедување на соодветни и безбедни услови за работа	Заштита на човековото здравје	Постојано за време на работата на Инсталацијата
14.	Набавка на соодветна лична заштитна опрема	Заштита на човековото здравје	Редовно, според потребите на вработените
15.	Правилна употреба на личната заштитна опрема	Заштита на човековото здравје	Постојано за време на работата на Инсталацијата
16.	Обука за безбедност и здравје при работа	Заштита на човековото здравје	Пред започнување на работниот однос со новите вработени
17.	Мерење на нивото на бучава, од страна на акредитирана лабораторија за тестирање по ISO17025	Мониторинг на нивото на бучава и доколку е потребно преземање на мерки за намалување	12/2019; 06/2020; 12/2020
18.	Мерење на концентрација на цврста материја PM_{10} во воздухот, од страна на акредитирана лабораторија по ISO17025	Мониторинг на концентрацијата на PM_{10} и доколку е потребно преземање на мерки за намалување	12/2019; 06/2020; 12/2020
19.	Поставување на соодветна сигнализација за движење на возила и механизација, за забранет пристап, опасност од пожар	Спречување на неовластен пристап на лица кои можат да се повредат поради непознавањето на локацијата и дејноста или поради друг вид на влијание или околност	12/2019

13. Спречување хаварии и реагирање во итни случаии

За спречување на хаварии и реагирање во итни случаи потребно е да се изготват процедури кои ги идентификуваат случаите каде може да се појават настани кои имаат негативна последица и влијание врз животната средина. Од процедурите произлегуваат планови за вондредни ситуации, кои пак е неопходно да се вежбаат со тренинг програма на сите инволвирани лица во процесот на реагирање во итните случаеви. Од практични причини за подобрување на вежбовните активности неопходно е да се водат записници од изведените вежбовни активности.

Хаваријата по дефиниција е појава на огромна емисија, пожар, експлозија, разрушување и слично, што е резултат на неконтролирани настани во текот на работењето на било кој систем со учество на една или повеќе опасни супстанции, а притоа доведува до опасност по животот и здравјето на човекот и останатитот жив свет. Хаваријата е чест причинител на оштетувања, професионални заболувања, тешки повреди па дури и смрт. Инцидентот претставува непланирано случување кое може да доведе до помали незгоди.

За да се утврдат постапките за реагирање во итни случаи неопходно е најпрвин да се направи идентификација на истите, одноно да се анализираат сите можни потенцијални опасности кои можат да предизвикаат инцидент или хаварија.

Опасности од појава на инциденти и хаварии се постојано присутни, а за кои се свесни сите вработени во инсталацијата. Поради тоа, вниманието е насочено кон преземање на превентивни мерки за спречување на можните опасности. Во делот на превентивните мерки, најнапред се постапува според барањата за квалитетно и совесно работење, како прв предуслов за спречување на несаканите состојби. За обезбедување на објектите на локацијата постои чуварска служба во рамки на Индустриската зона "Жабеник".

Потенцијалните инцидентни ситуации на локацијата на предметната Инсталација се сведуваат на појава на пожар и други елементарни непогоди.

<u>Начин на обезбедување и обележување на опасните места на локацијата</u>

Обезбедувањето на опасните места се врши така што на влезот на локацијата ќе биде поставена табла со натпис: "Забранет влез за невработени".

За вработените ќе се постават табли за предупредување на местата каде постои опасност.

Дополнително, ќе се постават табли со натпис за задолжително носење и користење на средствата за лична заштита, особено заштитен шлем. Таблите за предупредување ќе бидат поставени на видно место и на сите места каде постои можност од настанување на повреда.

Мерки и средства за заштита од пожари

Заради карактерот на процесот на производство во самата локација особено внимание ќе биде посветено на мерките и средствата за заштита од пожари.

Електричната инсталација, апаратите и машините на електричен погон секогаш ќе се одржуваат во исправна состојба, а електричната инсталација ќе биде изведена прописно со што ќе биде спречена појава на краток спој кој може да предизвика пожар.

Во случај на пожар, за негово гаснење ќе се користат Противпожарни апарати, а ако пожарот е од поголем карактер треба да се повика помош од најблиската Противпожарна бригада.

Во зоните на опасност се забранува работа со алатки, уреди и опрема кога при работа со истите се јавува искрење и тоа претставува опасност од појава на пожар и експлозија.

Согласно Законот за заштита од пожар, поставени се знаци за предупредување, односно знаци за:

- Забрането пушење,
- Забранета употреба на алат кој искри, како и
- Изгаси го моторот

Овие знаци ќе се почитуваат од страна на вработените и истите ќе ги спроведуваат овие предупредувања.

Треба да се потенцира дека ниту еден од материјалите кои се користат во производниот процес не гори ниту го подржува горењето.

Мерките и активностите за реагирање во итни случаи се дадени во следната табела.

Табела 12. Мерки за реагирање во итни случаи.

Инцидентна појава	Локација на инцидентната појава	Причинител	Можни влијанија врз животната средина	Мерки
